( Образец ПП......)

**До: Општина Демир Хисар: Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина**
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted] Република Северна Македонија, контакт телефонски број [redacted] и контакт е-маил : [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted] контакт телефонски број [redacted] и контакт е-маил : [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Во Уредбата за изменување на Уредбата за дејностите и активностите за кои што задолжително се изработува елаборат, за чие одобрување е надлежен градоначалник од 2012 година (Објавена во Службен Весник бр. 32/2012), во **Прилог 2, точка 12, Инфраструктурни проекти, под број 4, се предвидени градбите за примарна и секундарна здравствена заштита, каде што се класифицирани сите видови клиники, амбуланти, каква што и е ветеринарната амбуланта која што е задолжителен дел од проектот за прифатилиште за бездомни кучиња е елаборатот за заштита на животна средина.**

Врз основа на јавно достапните информации на веб-страната на Агенцијата за храна и ветеринарство, може да утврдиме дека Ветеринарното друштво Зебра Ветерина ДОО, има изградено и регистрирано прифатилиште за бездомни кучиња во Лагон КП 672, во село Кутретино, општина Демир Хисар.

Според погорепосочената норма од Уредбата, за градежна парцела со намена В2 прифатилишта, **инвеститорот (во конкретниот случај Зебра Ветерина) биле должни да изготват Елаборат за заштита на животна средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина**, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до надлежниот орган, градоначалник на соодветна општина каде што се наоѓа градежната парцела.

Бараме информација дали Ветеринарното друштво Зебра Ветерина ДОО ја **има испочитувано оваа законска обврска и има изготвено елаборат за**

**заштита на животна средина и бараме на биде доставена фотокопија од истиот документ?**

Во оваа насока ве упатуваме на член 3, став 1, алинеа 2 од ЗСПИЈК, каде што е предвидено дека информација од јавен карактер не значи само информација која што сам ја создал имателот, туку може да биде информација со која што имателот располага во рамки на неговите надлежности...[Во конкретниот случај се работи за елаборат со кој што би требало да располага општината како составен елемент на управната постапка која е водена од нивна страна, а во насока на испитување на тоа дали конкретен правен субјект може да ги извршува дејностите и активностите кои се дадени во прилог 2 од Уредбата, ветеринарна амбуланта која е во склоп на прифатилиштата за бездомни кучиња.]

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 01.02.2024 година .** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453; +389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

**Датум:** 12.02.2024

**ДО** [redacted]

ул.„[redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-208/1, 12.02.2024 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

------------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
БР. 18-208/2
12.02 2024 ГОД.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот, [redacted] со адреса на ул.„[redacted], поднесено на 09.02.2024 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со елаборат за заштита на животна средина за Ветеринарното друштво Зебра Ветерина ДОО, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со со елаборат за заштита на животна средина за Ветеринарното друштво Зебра Ветерина ДОО.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 09.02.2024 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 12.02.2024 година под архивски број 18-208/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 12.02.2023 година, под бр. 18-208/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

___________________________________

Република Северна Македонија
Општина Демир Хисар

**-Информација-**

Во врска со вашето барање, ве информираме дека Ветеринарното друштво Зебра Ветерина ДОО, кое има изградено и регистрирано прифатилиште за бездомни кучиња во Општина Демир Хисар, нема изготвено Елаборат за заштита на животната средина.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

-------------------------------------------

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР